# 14 НАПАДИ ВРЗ НОВИНАРИТЕ - 14 БОДЕЖИ ВРЗ ДЕМОКРАТИЈАТА



Април 2021

Здружение на новинарите на Македонија

Уредник: Драган Секуловски

Автори: Сунаи Сабриоски и
Кристина Атовска

Оваа публикација е подготвена со финансиска поддршка од Европската унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружението на новинарите на Македонија и не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија или на Европскиот фонд за демократија.

# СОДРЖИНА

| | |
|---|---|
| I. ПРЕДГОВОР | 3 |
| II. НАПАДИТЕ ВРЗ НОВИНАРИТЕ СЕ НАПАДИ ВРЗ ДЕМОКРАТИЈАТА | 5 |
| III. НОВИНАРИТЕ ЗА НАПАДИТЕ И ЗАКАНИТЕ: СЕ НАВИКНАВМЕ, А ТОА НЕ Е ДОБРО | 13 |
| IV. ДВОЈНИ СТАНДАРДИ КОГА СЕ РАБОТИ ЗА НАРУШУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ НАСПРОТИ ПОЛИТИЧАРИТЕ | 16 |
| V. СУДСКАТА ПРАКСА И ЕФИКАСНОСТА ВО ЗАШТИТАТА НА НОВИНАРИТЕ | 21 |
| VI. ИНСТИТУЦИИТЕ И НОВИНАРИТЕ | 33 |
| VII. ИНТЕГРАЛЕН СТАВ НА МВР ВО ОДНОС НА НАПАДИТЕ КОН НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ | 36 |
| VIII. ИНТЕГРАЛЕН СТАВ НА ОЈО ВО ОДНОС НА НАПАДИТЕ КОН НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ | 38 |
| IX. ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА | 39 |

# I. ПРЕДГОВОР

Слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање наспроти безбедноста на новинарите се нераскинливо поврзани теми, кои задираат во најзначајните пори на новинарството. Тие, всушност, ја отсликуваат зрелоста на едно општество и една демократија да се избори со предизвиците врз кои е исправено новинарството денес. Главните предизвици, кои со години се провлекуваат, се лошата економска положба на дел од новинарите, но и финансискиот притисок кон дел од медиумите од разни политички и бизнис-центри на моќ, како и обидите да се влијае врз новинарството на брутален начин, преку заканите за безбедноста врз новинарките и новинарите. Овој втор сегмент на овие два клучни елементи што ја претставуваат работата на новинарите е предмет на наша опсервација во оваа публикација, како документ за едно време, кое ќе сведочи за односот на институциите кон овој проблем наспроти огромната жртва што ја даваат новинарите во битката со видливите и невидливите насилници.

Безбедноста на новинарите и медиумските работници е предуслов за професионалното вршење на новинарските обврски и за објективното и навремено информирање на граѓаните. Гарантирањето на безбедноста на новинарските екипи го демонстрира и демократскиот капацитет на едно општество бидејќи на тој начин се остава простор новинарите слободно да ја вршат својата професија во насока на задоволување на јавниот интерес. Токму поради овие причини, прашањата за безбедноста на новинарите се и едни од основните индикатори со кои се занимава и Европската комисија при набљудувањето на државите што имаат статус на земји кандидати за членки во Европската

Унија. Така, во годишните извештаи на Европската комисија во Поглавјето 23, кое се однесува на судството и човековите права, освен степенот на слободата на изразување, се даваат и квалификации во контекст на безбедноста на новинарите и медиумските работници, како и политиката на неказнивост во случаи на повреда на нивните права.

Односот на државата кон овој проблем е еден од клучните индикатори, кој помага во одредувањето на земјата како слободна, делумно слободна или неслободна, растот на земјата на скалилата што ја мерат слободата на говорот, освен од некои други фактори, во голема мера е детерминиран токму од односот на државните институции (МВР, Јавно обвинителство, судовите) и општествените чинители (Влада, политички партии, невладини организации, јавноста) кон овој проблем. Не само во поглед на (не)неказнивоста кон овие дела, туку и преку креирањето на општата клима, која ги стимулира или ги обесхрабрува ваквите дела против новинарите и медиумските работници. Македонското општество е сè уште длабоко поделено. Биполарноста на политичката сцена, политичката некултура, јавниот говор, кој често создава клима за омраза, беспоштедната битка на социјалните мрежи меѓу партиските опоненти, сè уште се плодна почва, новинарите да бидат мета на вербални закани и навреди, но и физички напади и сериозно загрозување на нивната безбедност.

Ова, во изминатата година, беше дополнително засилено од неколку фактори:

- Пандемијата на глобално, но и на локално ниво придонесе до разни поделби меѓу граѓаните, каде што јавните наративи, пред сè на социјалните медиумите, но и на традиционалните медиуми, генерално ги оправдуваа или, пак, не ги оправдуваа мерките за превенција од ковид 19;
- Предвремените парламентарни избори, во не мал број случаи, придонесоа за зголемување на жестоката реторика кон новинарите, особено на социјалните мрежи;
- Темите поврзани со билатералните прашања меѓу Македонија и Бугарија, исто така, придонесоа за враќање на темите како „предавници и патриоти“, а тука повторно во еден сегмент страдаа новинарите.
- Одлуката за пописот беше и е уште една жешка политичка тема, на која партиските ботови или активисти, охрабрени од своите партиски штабови, генерираа силен излив на бес, што придонесува за жесток говор кон новинарската заедница.

Земајќи ја предвид очигледната ниска политичка култура во пренесувањето информации и на политичка дебата од страна на речиси сите политички субјекти, која е присутна во медиумскиот сектор, но и поради сензитивноста на овие прашања, често беа забележувани агресивни говори и изјави со елементи на закани по безбедноста кон новинарите, не само на социјалните медиуми, туку и во традиционалните медиуми. Така, во 2020 година, Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), организација која

единствено води регистар за нападi и закани кон новинарите, и тоа по усогласена методологија во соработка со уште други пет здруженија од другите балкански земји, бележи повеќе напади кон новинари оваа година во споредба со претходните. Според овој регистар, во 2020 година, вкупно 14 посериозни закани по безбедноста на новинарите и медиумските работници се нотирани, од кои повеќе од половина се кон новинарки, споредбено со претходната година, каде што имало само четири напади или закани кон новинари, што е резултат од изразената мизогинија во нашето општество. Со сè почестото користење на дигиталните платформи, новинарките се соочуваат со зголемен ризик во својата работа и се почесто со сексистички напади. Во онлајн-сферата се среќаваа примери на закани, уцени, говор на омраза и дезинформации кон одредени новинарки. Мизогинијата, во комбинација со онлајн-насилството, се вистинска закана за учеството на жените во новинарството и јавната комуникација во дигиталната ера. Исто така, во однос на вкупниот број напади, треба да се земе предвид дека ова не е реалната бројка на напади, која се претпоставува дека е поголема, но поради причини поврзани со неказнивоста, со страв од одмазда или, пак, од дополнителен притисок од страна на заканувачот или, пак, можеби работодавачите во овој сектор, жртвите неретко се одлучуваат воопшто да не ги пријават нападите.

Основен проблем, сепак, останува зголемениот тренд на неказнивост во 2020 година. Од вкупно 14 нотирани посериозни закани по животот на новинари, само еден случај е завршен со правосилна пресуда, каде што на престапникот му е изречена ефективна казна затвор.

# II. НАПАДИТЕ ВРЗ НОВИНАРИТЕ СЕ НАПАДИ ВРЗ ДЕМОКРАТИЈАТА

Слободата на изразувањето и слободата на медиумите претставуваат камен-темелник на едно демократско општество. Британскиот филозоф **Џон Стјуарт Мил** ја нарече слободата на печатот „една од гаранциите против корумпираната и тиранската влада“ („*За слободата*“ 1859 година). За една држава да може да се прокламира како демократска, потребно е да ја гарантира и безбедноста на новинарите и медиумските работници, со цел постоење независни и професионални медиуми. Во земјава, минатата 2020 година, регистрирани се 14 напади врз седмата сила, односно четвртиот пилар - новинарите, тие се евидентирани од страна на Здружението на новинарите во Македонија.

Првиот случај на напад врз новинари се појави во јавноста за неполни две недели од влезот во новата 2020 година. Регистриран е на 11.1.2020 година. Вршител на дејството е државен службеник вработен во Централен регистар, **Емил Јакимовски**. Нападот е кон новинарката **Мери Јордановска**. Пред точно една година, во 5 часот изутрината, Јордановска ја добива првата закана на апликацијата Телеграм, на која новинарката фигурира со сопствен идентитет. „Комуницираш со Американците, затоа ли Телеграм, ороспијо“, гласи пораката што се решил да ја испрати членот на најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ, Емил Јакимовски, кој во тоа вре-ме ја има улогата на портпарол во Централниот регистар на Македонија, а точно насочена кон примачот на информацијата, односно Мери Јордановска, новинарка и заменик-уредничка на порталот „А1 Он“. Но, Јакимовски не се задоволил само со оваа порака, туку се насочил кон жртвата, упатувајќи навредливи и заканувачки пораки: „Гуска“, „пропагандистичка ороспија“, „да те искреираат на некролог“, гласеле дел од пораките директно упатени кон новинарката.

> *„Некои ќе речат зошто не ги игнорираше. Не ги игнорирав, затоа што не сакав. Не сакам и никогаш нема да игнорирам навреди и напади, затоа што тие утре можат да му се случат на некој друг. Најкултурно замолив да престане да ми пишува, но тоа не се случи, па овие навреди преминаа во закани, до степен до кој сериозно се исплашив, особено откако ми пиша дека живее во соседната зграда и дека точно знае каде живеам јас. Заканите стигнаа до тој степен што Јакимовски ми пишуваше дека ќе лежам во затвор, дека ќе ме има по некролози и сл.“* - вели Мери Јордановска.

Случајот со новинарката Мери Јордановска ја разбранува јавноста. Откако новинарката ги обелодени принтскриновите од таканаречениот „разговор“ со Јакимовски на Фејсбук, по бурните реакции од јавноста, следуваше одговор од надлежните.

> *„Точно бев упатена кому и каде да го пријавам случајот, во Единицата за насилен криминал на МВР, каде што надлежните постапија најпрофесионално и не можам да дадам ниту една забелешка во однос на нивната работа. Прецизно и детално ми беше образложено кои се моите права, кои се законските надлежности и што сè ќе биде преземено во однос на случајот“*, вели Јордановска.

Во меѓувреме, „сексистичкиот апетит“ на државниот службеник Емил Јакимовски растел и во самата институција каде што бил вработен. Веќе следниот ден, таргетираната жртва на Јакимовски го обелодени и вториот случај, кој во аналите на Здружението на новинарите на Македонија се регистрира како втор напад врз новинарите. На 12.1.2020 година, новинарката и уредничка во ТВ Алфа, **Искра Коровешовска** обелоденува дека е, исто така, жртва на напади од страна на Емил Јакимовски. „Ќе видиш ти што ќе ти се случи кога ќе ме сретнеш надвор“, порака на Јакимовски, која ја насочува директно кон новинарката Искра Коровешовска. Денес, по една година, Коровешовска, присетувајќи се на настанот, појаснува дека Јакимовски имал јасно зацртана цел: нарушување на дигнитетот како новинарка, како човек и како жена. Настанот го пријавила лично, но истовремено реагираа и службите при секторот за компјутерски криминал и слични дела во МВР.

*„Во неколку наврати добивав закани од Емил Јакимовски, но, освен приватните пораки, тој објавуваше и статуси со навредливи содржини со цел да се уништи мојот углед“,* посочува Искра Коровешовска.

Случајот со нападите врз новинарките Јордановска и Коровешовска добива на хронологија во регистарот на историјата на напади врз новинарската фела. Веќе следниот ден одекнува нов напад врз новинарите. Повторно таргетот на нападите е жена - новинарка. Според записите на ЗНМ, нападот е евидентиран на 13.1.2020 година, а се однесува на новинарката во ТВ Телма, **Наташа Стојановска**, која на јавноста во последниве две години ѝ е позната и по известувањата од случајот со 27 април.

Во конкретниот случај, Стојановска била предмет на вербални напади упатени преку посредство на социјалните мрежи. Присетувајќи се на нападите, Стојановска посочува дека најголемиот број од нападите доаѓаат кога гостува некој од лидерите на политичките партии. Во еден од случаите, новинарката Стојановска одлучила заканувачот да го пријави во МВР. Разрешницата сè уште се чека. Во друг случај, лично се обратила до човекот што стоеше зад лажниот профил. Одговорот што го добила е дека не му се допаднала емисијата што ја водела и затоа го измислил тоа што го напишал, во обид за нејзина лична дискредитација.

*„Дел од нападите доаѓаат веднаш по емисија, дел ако објавам некој текст на својот фејсбук-профил, кој го напишал некој колега, но некому не му се допаѓа, дел доаѓаат кога ќе објавам нешто за случувањата на 27 април. Не би се задржала на ниту еден поединечно, бидејќи ги има многу, а јасно е дека сите доаѓаат, или од партиските штабови, и тоа се најчесто лажни профили на социјалните мрежи, а помал дел се и од вистински профили на социјалните мрежи на луѓе што гледаат идоли во политичарите и кои дури не се плашат да упатат и отворена закана, веројатно мислејќи дека се заштитени“,* вели Стојановска.

Пет дена потоа, на 18.1.2020 година, следната жртва - новинарка добива порака на социјалната мрежа Фејсбук: „Ти си еден таков срам за македонскиот народ што треба да си ја смениш верата никаква, само не си ти виновна, јас требаше да те убијам додека бевте во Газела“. Испраќачот е нотиран под псевдонимот „Ivo Bucim“, примател на оваа порака со заканувачи елементи по животот е новинарката **Анета Додевска** од ТВ 24. Случајот преку Здружението на новинарите е евидентиран во МВР, но за него новинарката не добила никаков одговор од надлежните институции, сè до пишувањето на овој текст. Во меѓувреме, додека чекала одговор од надлежните - истото лице, и по пријавата во МВР, повторно упатил нова навредлива порака, и по политичка, и по верска основа.

*„Се работи за вербален напад преку социјалната мрежа Фејсбук, навредите се испратени во лична*

*порака. Се случуваа веднаш откако на ТВ ќе се емитуваше некое интервју со функционери. Освен напади и навреди по верска основа, со користење на зборот „изрод“, во дел од пораките беше наведена и форма на закана „требаше да те сретнам навечер кога работеше во...“. Од истата личност добив повеќе пораки со навредлива содржина“*, посочува Додевска.

Како што одминуваше јануари, се чинеше дека заканите спласнаа, додека на политичката сцена страстите се зголемуваа. И додека траеја превирањата во политичкиот естаблишмент, на крајот на месецот, веќе пристигна и четвртиот напад, кој по својата содржина е еклатантен пример за задушување на слободата на говорот, како и закана по животот на новинарката. „Претпоставувам дека не сте биле тепани долго време. Ќе те убијам за објавување на написот“, ова е пораката што ја добила новинарката и водителка во ТВ 21, **Алмедина Исмајли**. Нападот, според регистарот на ЗНМ[1] бил извршен од страна на член и активист на една политичка партија. Причината за заканите кон новинарката е ТВ прилог, во кој бил споменат напаѓачот (кој е познат на ЗНМ), откако на својот фејсбук-профил објавил информација дека ја напушта својата матична политичка партија.

*„Нападот беше телефонски, со тешки навреди и закани за животот. Личноста реагираше во врска со еден прилог, во кој го цитирав, а претходно секако му имав земено изјава за истото. Ми се јави само што завршија вестите, не ме праша ништо, само почна да ми кажува што ќе ми направи ако не ја избришам веста веднаш, и каква казна следи за мене што не сум го направила прилогот како што треба“*, рече Исмајли.

Со овој напад во јануари се затвора кругот на напади и сериозни закани врз новинарите. Четири силни напади врз столбот на слободата на медиумите, што е еднакво на сите регистрирани напади во 2019 година во Македонија. Во сите четири случаи, предмет на притисоци и закани се новинарки.

Како што одминуваше февруари, погоренаведените случаи на напади врз новинарската фела стануваат плодна почва за партиски преписки, реплицирајќи си едни на други во делот на одговорностите и околу случувањата со новиот вирус корона. На 26 февруари, во земјава беше регистриран првиот случај на корона вирус - еден месец потоа и петтиот напад врз новинарите.

На 27 март 2020 година, во емисијата „Трилинг“ на **Горазд Чомовски**, која се емитува на ТВ 24, гостуваше претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, **Христијан Мицкоски**, кој за време на емисијата реагираше кон новинарот, кој го спореди Мицкоски со поранешниот премиер Никола Груевски, за што бараше извинување. Во текот на интервјуто, како уредник и водител, Горазд Чомовски изнесе констатација дека Мицкоски не може да излезе од матрицата на **Никола Груевски** поради тоа што ги дели луѓето на „наши“ и „ваши“, наведувајќи пример од актуелната состојба со корона вирусот, во која лидерот на опозицијата вели дека нивниот здравствен тим ѝ стои на располагање на власта.

1 Види на: https://znm.org.mk/znm-ostra-osuda-za-zakanite-kon-novina/

„Јас мислев дека оваа емисија ќе помине без Груевски, но очигледно толку многу сте оптоварени, што не може ни оваа емисија да помине. Се надевам ќе имате можност да направите интервју со господинот Груевски, па да добиете одговор на овие прашања“, рече Мицкоски.

На ова возврати новинарот Чомовски, цитираме: „Немам потреба со криминалец да правам интервју“.

На што Мицкоски, рече, цитираме: „Ве молам, да ми се извините, бидејќи ако него го нарековте криминалец, а мене ме поистоветувате со неговата матрица, индиректно и мене ме нарекувате криминалец, па би сакал да ја искористам оваа прилика и да побарам да ми се извините“.

На што новинарот реплицираше: „Извинување во некоја друга прилика“. Интервјуто со Мицкоски беше причина поради која претседателот на ГРОМ, **Стевче Јакимовски**, на својот фејсбук-профил жестоко го нападна новинарот Горазд Чомовски. ЗНМ веднаш ги осуди навредите и нападите врз новинарот[2] и побара надлежните институции да преземат мерки и да го расчистат случајот.

„Каква дрскост од оној Алија Малишановиќ – Горазд Чомовски. Кај нас во село велат видел на таквото урда, па веднаш ќе прави бачило. Со направени неколку интервјуа, си помисли којзнае кој е. Зошто е тоа така? Па, затоа што е во друштво на арогантната власт, што би рекле со Крокодилите. За жал, со своето фаќиче наликува на жаба, која се наоѓа меѓу очите на крокодилот и се поистоветува со него. Кога тој ќе ја отвори устата, и кутрата жаба ја отвора мислејќи дека и таа ќе голтне голем плен, мислејќи дека и таа е крокодил. Во право се кога велат дека образованието ни ја уништува самообразовната, но не и воспитната компонента. Универзитетот дава образование, но не и култура и воспитување. Воспитувањето го даваат родителите. Онакво арогантно однесување со одбивање да се извини на повозрасен Господин од него, универзитетски професор и лидер на опозицијата, и тоа во седиштето на ВМРО-ДПМНЕ е незапамтено. Му честитам на Христијан на смиреноста, инаку малиот заслужи да го фати за прчестите ушиња, малку да го поподигне и така на прсти да го исфрли во ходникот како што некогаш правеа учителите“. - Горазд Чомовски.

По само три дена од случајот со новинарот Чомовски, на повидок беше нов случај, кој еснафските новинарски здруженија[3] го квалификуваа како обид на „Аџибадем Систина” за директна цензура и притисок врз редакцијата на „ИРЛ.мк“, а по повод нивната сторија за ковид-19 насловена како „Пандемиско профитерство или грижа за заедницата: Другата страна на приказната за ковид-19 тестовите“, објавена на 28 март 2020 година.

Ваквите случувања, меѓу другото, ја потенцираат важноста за безбедноста на медиумските работници, која во ниту еден момент не смее да биде загрозена. Секој вид напад врз новинарите, вклучително и

[2] Види на: https://znm.org.mk/osuda-za-navredite-i-zakanite-na-stevch/
[3] Види на: https://safejournalists.net/mk/reports/irl-mk-editorial-staff-verbal-attack-29-03-2020/

вербалниот, е директен напад врз демократијата и слободата на говорот во едно општество. Во контекст на оваа дефиниција, април помина без регистрирање напади. Светската здравствена организација прогласи пандемија од ковид–19, па новинарите беа целосно во служба на доследно информирање на јавноста. Во текот на тој период, на социјалните мрежи, евидентен беше говорот на омраза кон новинарите, како резултат на незадоволствата од граѓаните, а поттикнат од секојдневните партиски преписки, кој и како преземал дејствија за заштита на населението.

И додека месецот април беше без забележливи притисоци и реперкусии кон новинарите, на социјалните мрежи, новинарот **Мишко Иванов** во ТВ 24 ја објави следната содржина: „Абе да ти ја е..м жената комуњарска, да ти е..м се мртво и живо во фамилија и на тебе и на сите комуњари заедно со заев, искубаната и волот кумановски, гробот да ви го е..м“.

Автор на ваквата содржина беше евидентиран со кодното име „Boban Petrovski“, кој можеше да се забележи од објавата на новинарот Мишко Иванов на својот фејсбук-профил пропратно со следната содржина: „Што да каже човек. Страшно. Овој поздрав ми стаса по двете интервјуа со Мицкоски и Заев. Не дека ќе нè исплаши, ама добро е да се види. Од што им ќутиме, мислат дека се плашиме. Ова мора да заврши“, напиша Иванов.

За овој случај, ЗНМ побара МВР и ОЈО да го најдат лицето што му се закани на новинарот.

Откако Иванов ја објави пораката на својот профил на Фејсбук, новинарките Анета Додевска и Наташа Стојановска, исто така посочија дека во последно време и тие биле мета на напади, односно и до нив биле испратени пораки со слични содржини.

Регистарот на напади заклучно со овој случај достигна осум напади. На повидок беше деветтиот - евидентиран на 28.5.2020 година кон новинарот **Фуркан Салиу** и сниматeлот **Ибрахим Мамути** од ТВ Клан. Салиу за овој настан појаснува дека биле на работна задача подготвувајќи сторија за илегално изграден објект.

*„Снимавме во Лојане, имавме информација за илегално изграден објект, кој се користи за да се засолнат илегални мигранти. Го најдовме местото, снимивме сторија, на враќања ни беше пресечен патот од помлад дечко, кој ни кажа, ако се објави видеото, ќе нè убие“*, вели Салиу.

Во меѓувреме, додека случаите се нижат во низа, земјата е навлезена во изборната кампања за петтите предвремени парламентарни избори од независноста на државата, закажани за 15 јули 2020 година. Државната изборна комисија (ДИК) почна со подготовките за одржување на изборите, а политичките партии ја почнаа борбата за освојување на довербата кај граѓаните. И додека трае процесот околу предвремените избори, на новинарското тло е мирно, без регистрирање напади, закани, уцени и омаловажувања кон новинарите. Кампањата за овие избори почна на 24 јуни и траеше до 12 јули. Во тој период, новинарите будно ја следат

состојбата, известувајќи за секој детаљ, како и за случувањата со пандемијата од ковид-19.

На ден пред крајот од кампањата на политичките партии, на повидок нов сериозен атак врз новинарката **Тања Милевска**, дописничка од Брисел за „МИА“. На 11 јули, ден пред изборниот молк, сексистичките напади и смртните закани кон новинарката испливаа на површина.

*„Во јули 2020 година, пред парламентарните избори, објавив твит кој се однесуваше на видеозаписот на* ***Виктор Орбан*** *за поддршка на ВМРО-ДПМНЕ, во кој унгарскиот премиер ја нарекува земјата Македонија, и прашав дали е ова официјален став на Унгарија и ги вклучив во твитот, грчкиот премиер* ***Мицотакис*** *и Европската народна партија, со прашање дали е прифатливо за нив Орбан да не го користи уставното име на земјата, Северна Македонија. Со денови следуваа напади на социјалните мрежи од анонимни и неанонимни корисници, со повици за убиство и силување, како и лични закани за силување преку приватни пораки на Фејсбук“*, вели Тања Милевска.

Со завршувањето на изборниот молк не завршија нападите кон новинарката Милевска, а за случајот се заинтересира и Европската Унија.

Додека траеше јавното дискредитирање, особено кон новинарките, се засилуваа страстите на поединци, кои кон нив го филтрираа својот гнев наталожен низ годините. Изборите завршија, во јавниот дискурс говорот стануваше сè потензичен, зборови речиси и да не се одбираа. Целата ситуација дополнително ја подгреа реториката на политичарите, чии поддржувачи, сакајќи да ги одбранат своите политичари, го користеа секој простор за пренесување на своето мислење, кое најчесто беше пропратено со говор на омраза. По само неполни две недели од 15 јули, денот на изборите, следуваше период во кој новинарите, покрај известувањето за пандемијата од ковид–19, беа во трка со времето за прибирање на информациите.

Веќе следните недели беа регистрирани нови три закани, кон новинарите **Љупчо Златев** од порталот „Лидер“, активистите од „Цивил Медиа“ и кон новинарката **Мирослава Бурнс** од „Слободен печат“. Единаесеттиот напад е, всушност, и првиот физички напад, регистриран за 2020 година. Цел на нападот е новинарот Љупчо Златев, кој на социјалната мрежа Фејсбук сподели повеќе детали за настанот и за нападот: „Додека се движев во ходникот, непознато лице почна да ме удира по градите, да ме плука и да ме влече кон излезот. Додека ме напаѓаше, лицето ми се дереше ‘Излези надвор, многу си ни згрешил, излегувај надвор...’ Јас на неговиот напад се спротивставив и не дозволив да ме извлече надвор, по што приклештен пред влезот, тој неколкупати со неговата глава ме удри во пределот на челото. Веднаш кога се случи настанот, од внатрешноста дојдоа гости, кои го истуркаа лицето надвор, а во бунилото чув и дека човекот кој ме нападна носел пиштол“.

Покрај новинарот Златев, вториот физички контакт со новинар е регистриран на 9 септември 2020 година, на улицата Македонија во Скопје. На протестот организиран од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, новинарката **Милка Смилевска** и сниmателот **Јорде Ангеловиќ** од телевизијата „Ал Џазира“ биле нападнати и спречени во вршењето на своите професионални задачи од страна на непознато лице. Напаѓачот го турнал микрофонот од раката на новинарката откако прашал за кој медиум известуваат.

Политичките партии не останаа имуни за да го искористат моментот на нападите врз новинарите за меѓусебни обвинувања, што само ги разгори страстите меѓу јавното мислење - граѓаните. Од друга страна, новинарите продолжија да ја извршуваат својата должност на повик на доследно информирање на јавноста бидејќи новинарството има општествена, културна, економска, социјална и демократска вредност, без разлика каков е нејзиниот начин на пренесување.

Од друга страна, одговорноста е неизбежна и кај новинарите, нешто на што потсетуваше и францускиот енциклопедист **Дидро**, во контекст на етиката на новинарите: „Не е доволно новинарот да има знаење, туку мора да биде и правичен. Треба да има мудро и длабоко расудување, фокус и остроумност. Ништо не смее да фалсификува или да менува.“ Од друга страна, а во контекст на нападите кон новинарите, кои можат да влијаат на уредувачката независност, **проф. д-р Љубомир Јакимовски**, во својата книга „Јавно мислење, масовно комуницирање, информациско општество“ ќе го забележи следното: „Уредувачка независност. Меѓународната федерација на новинари смета де-ка самите новинари ја имаат етичката одговорност за квалитетот на информациите и во својата професионална активност, сите новинари треба да бидат ослободени од притисок, било од политички или комерцијални извори.“

Безбедноста на новинарите е клучна за постоењето независни и професионални медиуми, како и за остварувањето на правото на слобода на изразување. Без слобода на медиумите и квалитетни информации за јавниот интерес, не е можно функционирање на демократските процеси во земјава. Насилството, вознемирувањето и заплашувањето насочено кон новинарите претставува напад врз демократијата. Тие имаат ефект на задушување на слободата на медиумите и слободата на изразување. Обидите за закана, притисоци, напади и други форми на обиди за влијание врз слободата на известување на новинарите е класичен пример за замолчување, со влијание врз новинарското перо при градење на јавното мислење преку демонстрирање моќ. Потсетуваме дека цензурата е забранета со Уставот, а заканите кон новинарите се апсолутно неприфатливи, претставуваат кривично дело и за нив се одговара пред судот.

# III. НОВИНАРИТЕ ЗА НАПАДИТЕ И ЗАКАНИТЕ: СЕ НАВИКНАВМЕ, А ТОА НЕ Е ДОБРО

Иако физичките напади во 2020 година се со помал број во однос на вербалните, загрижува фактот дека сѐ повеќе закани по животот кон новинарите се забележуваат на социјалните мрежи и на другите платформи за комуникација на интернет. Посебно загрижува фактот што во нападите се вклучени и носители на јавни функции, како и претставници на државните институции, но и високи претставници на политички партии. Најчесто, за случаите се дознава откако ќе обелоденат самите новинари за тоа што им се случило и за каков вид напад/закана се работи или откако ЗНМ јавно ќе има осуда.

## Додевска: институциите мора да се поажурни



*Јавните личности не може и не треба да бидат поштедени од критика и опсервација на граѓаните. Во случајов и нашата новинарска работа е јавна и подложна на јавна критика, без разлика дали е позитивна или негативна. Би рекла дека и вербалните напади би биле дел од тој „декор“ на кој сме изложени, но затоа тука треба да се системот, институциите, кои би требало да реагираат во вакви случаи, особено ако станува збор за закана што задира и ја загрозува безбедноста на новинарот.“* – Анета Додевска

## Коровешовска: нападите се рефлексија на лошата демократска слика



*„Нападите врз новинарите, од каков било профил на напаѓачи, се рефлексија на лошата демократска состојба во една држава, што неизбежно се пресликува врз безбедноста на новинарското дејствување.“* - Искра Коровешовска

## Јордановска: реалноста е запрепастувачка



*„Навикната сум. А тоа не е добро. Особено кон жените новинари, нападите најчесто се однесуваат во однос на изгледот, облеката и сл., а не во однос на работата. Па, дури и кога ќе напишете најпрофесионален текст, постои можност коментарите да се сведат на инсинуации и клевети „чија швалерка е новинарката“, наместо концентрацијата да биде на содржината. Тоа е реалноста што ја живееме во моментов и тоа е запрепастувачки, како да сме векови назад. Тоа демотивира, загрижува и реално е општествена опасност, тоа само докажува колку сме назад во однос на родовата еднаквост, во однос на перцепцијата на содржините што ги објавуваме и за крај, во однос на сиот труд што го вложуваме во професијата на која сме се посветиле.“* – Мери Јордановска

## Стојановска: државата има различен аршин кон новинарите наспроти политичарите



*Нападите врз новинарите стануваат загрижувачки бидејќи се сѐ почести, а одговорот на институциите е несоодветен. Загрижувачки затоа што, освен навреди на социјалните мрежи, често во пораки во инбокс добиваме и закани по нашиот живот, само затоа што некому не му се допаднале емисиите, вестите, истражувањата, анализите. Добивање несоодветен одговор од институциите за-тоа што дури кога ќе се обидеш да побараш помош од институциите, те препраќаат да си покренеш приватна тужба за навредите и заканите. Но, тоа е сосема различно кога станува збор за политичарите. Во тој случај има експресна реакција, дури и по допрен глас, особено ако станува збор за висок функционер што добил закани или навреди.* – Наташа Стојановска

## Исмајли: нападите нѐ демотивираат



*„Ваквите напади се скандалозни, имајќи предвид дека на одредена личност ѝ даваш почит и можност да бидат дел од една вест што се емитува на телевизија. Многу нѐ демотивираат, не ни оставаат простор нам новинарите правилно да ги извршуваме своите должности и ни ја одземаат „моќта” што мислиме дека ја поседуваме за да ги смениме работите на подобро. Просто ја деградираат професијата „новинар“.* – Алмедина Исмајли

## Чомовски: немоќта на политичарите не смее да се истура врз новинарите



*„Нападите врз медиумските работници од страна на политичарите или партиите покажува колку демократскиот амбиент во државава е созреан. За жал, политичките субјекти во немоќта да се соочат со вистината и да издржат на критиките, многу често атакуваат врз новинарите За нивото на медиумската слобода само ќе ве упатам на извештаите на Фридом хаус и на Репортери без граници.“* – Горазд Чомовски

## Салиу: нема доволно почит за оваа професија



*„Едноставно нема доволно почит за оваа професија! Ниту од газдите, кои не обезбедуваат нормални услови за работа и нормални примања, ниту од полицијата и правосудните органи, кои нападите кон новинарите едноставно не ги сфаќаат сериозно.“ – Фуркан Салиу*

## Милевска: новинарките се најизложени на закани



*„Сметам дека нападите на новинарите преку социјалните мрежи треба да бидат сфатени многу посериозно од страна на ЗНМ и од страна на институциите, и посебно да се води сметка за родово базираните закани кон жените-новинарки. Амнести интернешнел, во 2018 објави важен извештај за токсичноста на платформата Твитер за жените-новинарки и генерално за жените што се активни на јавната сцена, вклучително и политичарки, интелектуалки, коментаторки итн. Анонимноста што ја дозволува Твитер, пасивноста на платформата, кога станува збор за родовите прашања, и неспособноста на националните власти да се спротивстават на арбитрарноста на приватните социјални платформи се посебна опасност за жените. Паралелно констатираме дека растат движењата како Qanon, и други националистички, расистички и сексистички групи, стануваат глобално влијателни, а во голем број западни демократии се сметаат веќе и како терористичка закана. Од овие групи најчесто произлегуваат заканите за силување и убиство кон жените, новинарките се тука меѓу најизложените, и потребно е итно да се преземат мерки за борба против овој феномен.“*

# IV. ДВОЈНИ СТАНДАРДИ КОГА СЕ РАБОТИ ЗА НАРУШУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА НОВИНАРИТЕ НАСПРОТИ ПОЛИТИЧАРИТЕ

Иако физичките напади денес се со помал број во однос на вербалните, загрижува фактот дека сè повеќе закани по животот на новинарите се забележуваат на социјалните мрежи. Посебно загрижува фактот што во нападите се вклучени и носители на јавни функции и претставници на државните институции. Најчесто, за случаите се дознава откако ќе обелоденат самите новинари за тоа што им се случило и за каков вид напад/закана станува збор.

Поради праксата на неказнивост, во многу случаи, новинарите не беа мотивирани случајот да го пријават до органите на прогонот и до соодветните институции. Во анализите на Здружението на новинарите на Македонија се забележува дека неказнивоста од страна на институциите по однос на нападите кон новинарите е сè уште на многу висок степен. Во последниот извештај на ЗНМ е нотирано: „Во кругот што го формираат Министерството за внатрешни работи, Јавното обвинителство и судовите, речиси секогаш затајува барем една од овие три институции, но најчесто тоа е Основното јавно обвинителство, бидејќи ретко се случува кога е надлежна оваа институција да покрене обвинителни акти кон сторителите пред Кривичниот суд. Во последните две години, за жал, ова е сè понагласено кај Јавното обвинителство, кое во неколку случаи на напади на новинари воопшто нема преземено дејствија, а во случаите кога има покренато истраги, ги води мошне бавно и неефикасно.

Дел од новинарите што беа предмет на напади и закани, преку разговорите со нив за потребите на оваа анализа, сметаат дека постојат двојни стандарди,

кога станува збор за нарушување на безбедноста на новинарите и политичарите во пристапувањето кон институционална разрешница.

Според новинарката Тања Милевска, „институциите реагираат веднаш и по допрен глас кога политичарите се под закана, додека новинарите секојдневно се соочуваат со говор на омраза, со политички и економски притисоци, закани, опасност по нивното здравје, а притоа навредите и заканите кон новинарите се сметаат за сосема нормална работа од страна на јавноста. Новинарите секогаш не се заштитени и од своите редакции и уредници. Не постојат никакви структури за помош и поддршка во овој поглед, тука ЗНМ и ССНМ треба да одиграат важна улога“, потенцира Милевска.

Новинарот Фуркан Салиу смета дека двојните стандарди, кога се во прашање нападите врз новинарите и политичарите, се повеќе од очигледни: „Колку луѓе, само во последните 6 месеци, заработија кривични пријави поради закани кон функционери по социјалните мрежи? Едноставно МВР, ОЈО и судската власт треба еднаш и засекогаш да сфатат дека без нормално функционирање на медиумите, нема нормална демократија и нормална држава.“

Институциите мора да покажат дека навистина има политичка волја и капацитет за неселективно постапување - без разлика дали станува збор за новинар, функционер или обичен граѓанин, чии права и безбедност се загрозени, децидна е новинарката Анета Додевска, подвлекувајќи дека пред законот сите се исти.

„Изминатиот период беше регистрирано дека институциите постапија по службена должност за напади и закани кон функционери, но тоа не се случи и со новинарите. ЗНМ даде логистика на колегите да се пријават заканите, но останува отворено прашањето дали институциите постапуваат селективно за исти случаи на закани и навреди“, смета Додевска.

„Не сметам дека надлежните институции преземаат мерки со кои би се заштитиле новинарите. Многу често, седмата сила е оставена самата да води битка“, појаснува новинарот Горазд Чомовски, а во контекст на двојните стандарди.

„Многу често сме сведоци на двојни стандарди, а впечатокот ми е дека надлежните институции многу бавно ги решаваат случаите во кои се инволвирани медиумските работници“, вели Чомовски.

Во ситуации кога новинарите ќе се обидат да побараат помош од институциите, тие се препратени да покренат приватна тужба, појаснува новинарката Наташа Стојановска.

„Но, тоа е сосема различно кога станува збор за политичарите. Во тој случај има експресна реакција, дури и по допрен глас, особено ако станува збор за висок функционер што добил закани или навреди“, вели Стојановска.

Категорична е и новинарката Искра Коровешовска, која појаснува дека новинарите и политичарите немаат ист третман.

„Имаме ситуации кога напади врз политичари добиваат институционална разрешница за рекордно време, а, пак, новинарите постојано ги чекаат со месеци и години судските процеси. Исто така, има случаи кога политичари, апсолутно виновни се ослободуваат од каква било одговорност, а новинари се осудуваат преку ноќ, дури и кога информациите поради кои се експресно осудени, се од апсолутен јавен интерес“, вели таа.

Политичарите се тие што треба да покажат почит кон медиумите и новинарите, смета новинарката Алмедина Исмајли, додавајќи дека голем број закани доаѓаат од луѓето на позиции.

„Во тој случај, институциите се ограничени и се плашат да реагираат. Институциите мора да ги спроведуваат случаите докрај и да има епилог, да ставаат крај на заканите и на случаите на насилство. Се разбира дека политичарите и новинарите не се еднакви“, потенцира Исмајли.

Дека постојат двојни стандарди кога станува збор за нарушување на безбедноста на новинарите и политичарите во пристапувањето кон институционална разрешница, новинарката Мери Јордановска додава дека политичарите се „заштитени мечки“ во земјава, без разлика кој е на власт.

„Како да станува збор за некој премолчен договор меѓу партиите, дека никој никогаш нема да одговара за злоупотреби со пари од граѓаните. И не само за тоа, туку и за сосема други „побанални“ предмети, како закани, уцени и слично. Ние сме партиска држава каде што од политиката почнува и завршува сè, па оттаму и политичарите се оние најзаштитените и тие што први доаѓаат до таканаречената правда, или подобро кажано, тие што најлесно се протнуваат поради тоа што (не)го направиле. Во така политички скроена држава, до правдата е најтешко да се стигне, а особено е тешко професионално да се работи новинарската работа.“

За тврдењата на новинарите дека постојат двојни стандарди, зборува и фактот дека Министерството за внатрешни работи, во билтен објавен на 9 февруари 2018 година, има документирано 30 случаи на „загрозување на сигурноста“ и „злоупотреба на личните податоци“ преку социјалните мрежи.

Поконкретно, Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при МВР, согласно своите законски надлежности, документира и процесуира триесет случаи, во кои, преку социјалните мрежи, на носители на државни функции во РМ, им е загрозена сигурноста, како и случаи каде што се злоупотребени нивните лични податоци. За сите тие случаи, согласно законските норми, изготвени се известувања до надлежен јавен обвинител при Основното јавно обвинителство Скопје, со цел утврдување елементи за сомнение за кривични дела што се гонат по службена должност од областа на компјутерскиот криминал.

„Како покарактеристични случаи се детектирани шест кривични дела за закани кон претседател на Владата на РМ, истите се документирани, со соодветни известувања до ОЈО и обезбедени наредби до социјалната мрежа Фејсбук. Притоа, од посочените шест кривични дела, откриено е лице што се сомничи за сторено кривично дело – „загрозување на сигурност“ (казниво по член 144, став 3 а в.в. став 1 од КЗ на РМ), а се однесува на регистрирана објава на еден македонски веб-портал, по претходно објавена статија на социјалната мрежа Фејсбук, која во вид на закана е упатена до претседателот на Владата на РМ. Во случајот, осомничениот за кривичното дело е откриен во координација со Секторот за меѓународна полициска соработка, со социјалната мрежа Фејсбук, како и со Интерпол-Берн (Швајцарија) и еден интернет-провајдер од Швајцарија. По целосното документирање на случајот, против осомничениот ќе биде поднесена соодветна кривична пријава до надлежното ОЈО.“

Во овој контекст на однесувањето на државните институции кон безбедноста на новинарите, а во насока на ефикасност во заштитата на новинарите, претседателот на Здружението на новинарите на Македонија, **Младен Чадиковски**, од надлежните побара итни мерки за подобрување на ситуацијата со зачестените напади врз новинарите. Но, исто така, бара од Основното јавно обвинителство да формира посебно одделение, кое ќе ги гони напаѓачите на новинарите.

*„Бараме, во следниот период, Министерството за правда да направи измени во Кривичниот законик. Со измените треба да се прошири надлежноста на обвинителството да постапува по службена должност по кривични дела поврзани со напади на новинари и да се зголемат казните кон напаѓачите. Во исто време, од ОЈО бараме да формира посебно одделение, кое ќе ги гони напаѓачите на новинарите. Напад врз новинар е напад врз демократијата и тоа е недозволиво за земја што сака наскоро да ги почне преговорите за членство во ЕУ“*, рече Чадиковски.

ССНМ во 2017 година, за потребите за зајакнување на казните за нападите врз новинари и медиумски работници, изработи анализа со која лобира за промена на Кривичниот законик. На иста линија како и ЗНМ, и ССНМ бара да се стави крај на неказнивоста на нападите врз новинарите. **Дарко Дуридански** од ССНМ потенцира дека е потребна измена во Кривичниот законик, односно секој напад врз новинар ќе се смета како напад врз службено лице.

*„Бараме напад врз новинар да се третира како напад врз службено лице, но само во делот со кој обвинителството ќе биде задолжено да отвора предмети по службена должност, како и зголемување на казните. Барањата се засноваат на долгогодишното искуство, кое покажало дека институциите си ја префрлаат топката, односно одговорноста. Од друга страна, поради недовербата во системот, како и високите трошоци, новинарите*

*и медиумските работници ретко се решаваат да поднесат приватна тужба, како што е според сегашниот закон. Колку за илустрација дека сегашното решение не функционира, покажува тоа што од вкупно 18 напади во 2019 и во 2020 година, решен е само еден.“*

Министерот за правда, **Бојан Маричиќ**, во своето излагање, за време на вебинарот организиран од ЗНМ на 26 ноември 2020 година, потенцираше дека ресорното Министерство за правда почнало постапка за изготвување нов Кривичен законик со бараните измени, во кој ќе бидат вметнати и кривични дела со кои ќе се подигне нивото на заштита на новинарите, но и општо на медиумските работници.

*„За изготвување квалитетен текст во законот веќе одржавме состанок со претставниците од новинарската фела и со новинарските здруженија, вклучително и Здружението на новинарите на Македонија и Синдикатот. Нивните предлози секако се добредојдени бидејќи само преку отворен дијалог, токму со новинарите ќе можеме да донесеме нов закон, кој дополнително ќе ги заштити слободно да си ја извршуваат одговорната работа, а сите оние што ќе се обидат да ги заплашуваат или, пак, физички и вербално да ги напаѓаат новинарите, односно медиумските работници, ригорозно да се казнуваат“*, вели Маричиќ.

Ваквите ветувачки „тонови“, како овие на министерот за правда, на јавноста ѝ се познати, со оглед на фактот дека и претходни министри за правда го ветувале сличното, но дали тоа ќе биде реализирано, ќе се покаже во иднина. Останува заложбата за сериозно сфаќање на новинарските здруженија, во нивните барања да се воспостави поефикасен систем на заштита на новинарите, со што би се придонело во иднина да има помалку напади врз новинарите и врз медиумските работници.



# V. СУДСКАТА ПРАКСА И ЕФИКАСНОСТА ВО ЗАШТИТАТА НА НОВИНАРИТЕ

Врз основа на податоците од регистарот на нападi врз новинари на ЗНМ, очигледно е дека речиси сите регистрирани напади врз новинари, по соодветните пријави од оштетените - новинарите, не добиле институционално-правна разрешница со соодветен исход по сторителите на кривичните дела пред надлежен суд. Исклучок од негативната судска пракса е позитивната одлука, која Основниот кривичен суд ја донесе во полза на новинарката Мери Јордановска.

Пресудата за случајот со новинарката Мери Јордановска против Емил Јакимовски беше изречена во скопскиот Кривичен суд од страна на судијката **Џенета Бегтовиќ**. Обвинителството предложи, а судот прифати. Емил Јакимовски е осуден на една година и осум месеци затвор за загрозување на сигурноста на неговата поранешна сопруга и за заканите упатени кон новинарката Мери Јордановска.

Во последниот извештај на ЗНМ на оваа тема се забележува дека оправдувањето на Основниот граѓански и кривичен суд во Скопје е дека новиот систем за водење на предметите (АКМИС) се базира на кодови, а не на имиња и на професии на странките и затоа тешко се доаѓа на едноставен начин за деталите околу постапките. Во 2020 година, според ЗНМ, во делот на соработката се наведува дека Основниот граѓански овозможил достапност на информација само за вкупниот број предмети за делата клевета и навреда, меѓутоа не и во колку од нив како странка се наоѓа новинар или медиум. Од ЗНМ се децидни дека неказнивоста кон сторителите останува висока и судската разрешница е констатирана во помалку од 10 отсто од регистрираните случаи.

## Јордановска: Овој случај го сметам за позитивен пример - очекувам дека институциите еднакво ќе постапуваат во сите случаи

Насилството на Емил Јакимовски кон неговата сопруга и заканите кон новинарката Мери Јордановска му донесоа една година и осум месеци затвор, со задолжително психијатриско лекување. Ова не е прва пресуда за Јакимовски, тој и претходно добил и условна казна затвор поради насилство кон сопругата, што, според зборовите на судијката Ценета Бектовиќ, претставувало отежителна околност при одредувањето на казната. Јордановска ја поздрави оваа одлука на судот.

„Пресудата против Емил Јакимовски, поднесена од страна на обвинителството, а во врска со мојот случај, се однесуваше за кривичното дело загрозување на сигурноста по пат на информатички систем. Во пораките, кои тој во јануари 2020 година ми ги испраќаше на социјалната мрежа Телеграм, имаше елементи и на навреди, но и на закани по мојот живот, нешто што сериозно ме вознемири, особено што лицето имаше точни податоци каде живеам, а неговото место на живеење беше веднаш до мојата зграда.

Принтскриновите со заканите јас решив да ги објавам јавно на мојот фејсбук-профил, со цел да покажам еден пример како од позиција на моќ, одредени државни службеници се однесуваат кон новинарите, со цел да предочам со какви проблеми се соочуваме во нашето работење. Реакциите што ги добив беа навистина неочекувани. Најчесто сме научени да ги објавиме заканите или навредите, тие да се прошират на социјалните мрежи, но епилогот да изостанува.

Во случајов, на мое изненадување, не беше така. Веднаш бев примена во Единицата за насилен криминал во МВР, началникот на единицата **Дејан Димовски** и началникот на Секторот за насилен криминал **Ријад Ајети** детално и прецизно ми го објаснија она што сметам дека е важно за сета новинарска фела - дека пријавата ќе биде комплетна само и единствено ако лицето директно ми се заканува по животот, а не доколку ме навредува. Тоа е она што го предвидува Кривичниот законик и заканите по живот беа тие што реално „придонесоа“ да се дојде до оваа пресуда. Доколку новинар се соочи со навреди, за тоа може да покрене приватна, граѓанска тужба. Таков беше случајот со мојата колешка, која исто како мене, примаше пораки од истото лице, во нејзиниот случај имаше само навреди, но не и закани и затоа постапката беше запрена. Обвинителството постапи експресно, рочиштата течеа без застој и искрено овој случај го сметам за позитивен пример во работата на институциите, кога ние како новинари се соочуваме со вознемирувања, односно закани од ваков вид. Сепак, очекувам дека институциите еднакво ќе постапуваат во сите случаи, не само во тие каде што се дига „прашина“ во јавноста. Законите мора да важат еднакво за секој новинар и за секој граѓанин, независно од тоа кој е погласен или кој има повеќе следбеници на Фејсбук“, вели новинарката Мери Јордановска.

## Случај 27 април и новинарите што известуваа од законодавниот дом

Пред околу четири години, на 27 април, нешто по 18 часот, главниот булевар меѓу законодавниот дом и Жена-парк беше во прекин за сообраќај поради протестот на голема група граѓани. Новинарите веќе беа на терен, еден дел известуваа за случувањата што се одвиваа надвор пред Собранието, на улица, а други во внатрешноста на Собранието. Пред 19 часот, „сценариото“ што го имаа зацртано учесниците во јавниот протест почна да се реализира. Вратите на законодавниот дом се отворени - демонстрантите влегоа во Собранието. Јавноста веќе беше сведок на овој настан. Информациите се менуваа од секунда во секунда. Нетрпеливоста растеше, низ медиумскиот етер се провлекуваа најразлични вести, но и видеоматеријали, кои ги овозможија токму новинарите и медиумските работници, кои во тој период беа затекнати внатре во Собранието. Сликата станувaше крвава, новинарите „придушени“ од толпата, обидувајќи се да обезбедат информација, се најдоа во канџите на демонстрантите, но денес и во канџите на македонското правосудство. „Крвавиот четврток “, односно 27 април несомнено се впишува во историјата на новинарството од два аспекта, обидот за задушување на слободната мисла и херојската битка за вистината што новинарите ја водеа тој ден. На овој ден, голем број новинари и медиумски работници беа жртви на упадот во Собранието. Беа тепани, удирани и беа психички малтретирани. По долго време, бидејќи државата затаи, новинарите решија сами да ја побараат правдата.

Во 2020 година, дел од новинарите што беа нападнати за време на „Крвавиот четврток“, помогнати од ЗНМ преку адвокатската канцеларија „Медарски“, поднесоа приватна тужба против државата поради повреда на правото на слобода на изразување и за надомест на нематеријална штета.

Од денот на поднесувањето до денот на отфрлањето на тужбите поминаа околу 9 месеци. Новинарките Наташа Стојановска и Душица Мрѓа наидоа на „затворени“ порти на судската палата. Граѓанскиот суд во Скопје одлучи двете тужби на новинарките да ги отфрли за што Здружението на новинарите на Македонија ќе забележи: „Новинари од 27 април по вторпат жртви, овојпат од судот.“



## Судството не ги научи лекциите од минатото

*„Дали ваквиот став на судот значи дека требаше да бидеме повредени, или не дај боже полошо да завршиме, за тужбата да биде основана?*

**ТУЖБАТА Е ОДБИЕНА**

*„Тужителката, наместо да покаже страв и да се грижи за своето здравје и телесен интегритет, продолжила да известува“*

На 24 ноември 2020 година, во името на граѓаните на Република Северна Македонија, Основниот граѓански суд - Скопје, преку судијата Ерол Абдули носи ПРЕСУДА со која тужбеното барање на новинарката Наташа Стојановска, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

Во образложенијата на судот се наведува дека:
„Врз основа на совесна и грижлива оцена на секој доказ посебно и на сите докази заедно, судот утврди дека како последица од случувањата во зградата на Собранието на Република Северна Македонија на 27.4.2017 година, тужителката не претрпела телесна повреда или оштетување на нејзиниот имот“.

Понатаму во пресудата се наведува и следново:
„Поради недостиг од докази, судот не можеше да утврди дали станува збор за терористички акт, јавни демонстрации или манифестации. Докази за одредување точна квалификација на случувањата не беа доставени од ниту една страна.“

На ваквиот аргумент за отфрлање на тужбата, новинарката Наташа Стојановска подвлекува со резервно прашање: „Дали ваквиот став на судот значи дека требаше да бидеме повредени, или не дај боже полошо да завршиме, за тужбата да биде основана?“

„Во Собранието, јас, како и моите колеги што бевме присутни, си ја вршевме својата работа, но не само што бевме попречени во тоа, туку дополнително бев нападната од толпата, во еден момент бев држена како заложник и не можев да се јавам во редакцијата. Единствено мојата присебност ме спаси од тоа што можеше да се случи. Мојот живот буквално беше доведен во прашање, исто како што беа доведени во прашање животите на пратениците, за кои судот сега вели дека полицијата требало по приоритет да ги штити“.

Во образложението на пресудата на судот, меѓу другото, се наведува и дека:
„Откако во зградата упаднала толпа на граѓани и се однесувала насилно, собранието повеќе не заседавало, со што, она за кое тужителката била акредитирана и присутна, не се одвивало, па не може да се прифати дека ѝ било повредено правото на изразување. Судот забележува дека тужителката, наместо да покаже страв

и да се грижи за своето здравје и телесен интегритет, наведува дека и по самиот упад била вклучена во живо на нејзиниот фејсбук-профил со цел да известува, за, како што појаснува - нередот во собраниската зграда.“ Но, новинарката Наташа Стојановска потенцира: „Стравот што го чувствував во тие моменти, кога животот буквално ми беше загрозен поради лудилото на поединци, во чии очи се гледаше желбата да видат крв, а наоколу се слушаа извици „Убијте ги“ - со ништо не може да се надомести. И затоа загрижувачки е фактот што судот не признава дека стравот што го чувствував во тие 12 часа и траумата, која е присутна долго време подоцна, се основа за прифаќање на тужбата, со оглед дека предизвикувањето страв како дел од сегментите на душевното здравје, претставува телесна повреда. Правото на душевно здравје е лично право, дефинирано само пред неколку години во нашиот закон и судиите не би требало да имаат проблеми да го разберат тој концепт“.

Понатаму, во пресудата на судот, во која имавме увид, се наведува и следново:
„Како што беше објаснето, при акти на тероризам или демонстрации, државата има должност да го штити човековиот интегритет, па во конкретниот случај бла должна само да го обезбеди животот и здравјето на тужителката, а не и да го штити нејзиното новинарско право, особено во ситуација кога она за што била акредитирана да известува било прекинато со чин од други лица, а всушност таа сакала да известува за нередот што се одвивал. Според логиката на тужителката, произлегува дека државата преку органите за заштита, наместо да се грижи за здравјето на пратениците и на другите присутни што не биле дел од насилната толпа, требало да се насочи кон тоа да ѝ обезбеди можност да известува за настанот, а притоа општо познато е дека присутните со големи тешкотии се извлекоа од настанот. Ваквото тврдење на тужителката, овој суд го оцени како неблагодарно, бидејќи произлегува дека органите на заштита требало да запрат со заштитата на животот и со здравјето на другите, и да се насочат кон заштита на новинарското право на тужителката.“

Тужителката, во случајов новинарката Наташа Стојановска, чија тужба е одбиена од судот, потенцира дека кога се во прашање нападите врз новинарите со тие на политичарите, јасно произлегуваат двојните стандарди на институциите.

„Бидејќи, токму во овој случај, за организираниот упад во Собранието на 27 април, за нападите кон политичарите, обвинителството по службена должност покрена постапки, за кои беа определени и затворски казни за граѓани, додека ние, новинарите, сме оставени сами да покренуваме приватни тужби. Тоа, во најмала рака, е неправедно и ги покажува двојните стандарди на институциите.“

Стојановска додава: „Како новинар бев присутна и на случувањата на 24 декември, кога се носеше буџетот за 2013 година во Собранието и кога пратениците од тогашната опозиција предводена од СДСМ беа тепани, а новинарите исфрлени за да не може да ја следат седницата и да известуваат за случувањата. Тогаш домашните судови не сметаа дека нашето право на слобода на изразување е нарушено, но слобода на изразување е нарушено, но судот во Стразбур пресуди поинаку. Се надевав дека лекцијата е научена.“

## Тужбата е одбиена - Стразбур последната инстанца во докажувањето на правдата?

*„За судот е познато дека тужителката како новинар и во текот на настаните и во следниот период известуваше за настаните и го искажуваше своето мислење за настаните од 27.4.2017 година во дебатни емисии и сл. Тоа значи дека во конкретниот случај нема повреда на правото на слобода на изразување, поради што судот во целост го одби тужбеното барање како неосновано.“*

На 24 ноември 2020 година, во името на граѓаните на Република Северна Македонија, Основниот граѓански суд - Скопје, преку судијката **Антоанета Димовска** носи ПРЕСУДА, со која тужбеното барање на новинарката Душица Мрѓа се одбива како неосновано.

Во образложенијата на судот се наведува:
„За стравот што тужителката го претрпела и кој за судот е неспорен, тужениот нема обврска да исплати надомест на нематеријална штета затоа што законската одредба таксативно ги наведува основите по кои исплаќа надомест на штета, а стравот како таков не е опфатен со одредбата. За судот, ваквиот страв во отсуство на телесна повреда е правно релевантен за надомест на нематеријална штета, но само од лицата што го предизвикале, односно од лицата што го предизвикале насилството. Тоа јасно произлегува од самата одредба дека државата е во обврска да исплати надомест на штета поради претрпени телесни повреди, за кои, пак, членот 189 став 1 и 2 од ЗОО утврдува:

1. **(Во случај на повреда на личните права, судот, ако најде дека тежината на повредата и околностите на случајот го оправдуваат тоа, ќе досуди справедлив паричен надоместок, независно од надоместокот на материјалната штета, како и во нејзино отсуство.**

2. **При одлучувањето за барањето за справедлив паричен надоместок, судот ќе води сметка за силината и траењето на повредата со која биле предизвикани физички болки, душевни болки и страв, како и за целта за која служи надоместокот, но и за тоа надоместокот да не е во спротивност со стремежите што не се спојливи со неговата природа и општествената цел“.**

Ова е само еден дел од образложенијата во пресудата со која се отфрла тужбата на новинарката Душица Мрѓа Ковачев, која за време на „Крвавиот четврток“ беше меѓу новинарите во законодавниот дом и известуваше за упадот во Собранието, а чиј живот беше исто толку загрозен како и тој на политичарите. Ваквата одлука на судот за новинарката Душица Мрѓа Ковачев е срамна.

„Судот, односно судијката Антоанета Димовска остана „слепа“ пред настан што буквално во живо го виде цела Македонија на 27 април 2017.” „Крвавиот

четврток" е настан во кој државата, институциите, МВР и полицијата со часови не мрднаа со прст додека врз сите нас во собранискиот прес-центар се изживуваа насилниците. „Крвавиот четврток" е крвопролевање, за кое има и правосилно осудени извршители, а, според ОЈО, се суди и на обвинети,организатори. Дел од нив, апсолутно во тоа време, се меѓу првите луѓе во државата и институциите, но за судот и судијката Антоанета Димовска тоа не беше доволно да види дека државата, ниту нè заштити, ниту ни овозможи да си ја работиме работата. Јустиција е слепа од срам! Не сум разочарана бидејќи доволно долго сум дел од општествениот живот на оваа држава, за искрено повеќе ништо да не ме изненадува, ниту да ме разочарува. Но, револтирана сум, и тоа многу! Поради фактот што „Крвавиот четврток" е еден од најсрамните настани во македонската, како што милуваат да кажат политичарите, демократија. Затоа што на „Крвавиот четврток", оваа држава го допре дното, но и затоа што од 28 април имаше неповторлива шанса да почне да се издига од македонското мочуриште, кое трае речиси 30 години, затоа што „Крвавиот четврток" никогаш не смееше да биде алатка за политичко поткусурување, пазарење, привилегирање, амнестирање, затоа што сите ние што бевме во тој прес-центар на „Крвавиот четврток" оставивме дел од себе таму. Затоа државата ни должи правда за конечно да не се срамиме од тоа каде живееме".

Што се однесува до делот од тужбеното барање за надомест на нематеријална штета поради повреда на слободата на изразување, судот најде дека тоа е неосновано, како и што, се наведува во образложението на пресудата, во која ние имавме увид, повикувајќи се на членот 10 од Европската конвенција за човекови права. Во дел од образложението се наведува следното: „Во конкретниот случај се работи за акт на насилство, во кој државата има обврска да се грижи за заштита на здравјето, животот и имотот на сите физички и правни лица. Не може да стане збор за тоа дека државата не им овозможила на сите лица да ги изразат своите мислења и идеи без страв. Толкувањето на членот 10 дека во услови кога се случуваат акти на насилство, со тоа што тужителката како новинар била оневозможена да известува е толкување на одредбата надвор од нејзината цел поради која е утврдена. Имено, таа го регулира овозможувањето на секој да го изрази своето мислење во секојдневното живеење, но не и во ситуација во која основна задача е да се заштити животот и имотот на сите лица".

Покрај ваквата одлука на Основниот граѓански суд - Скопје, тужителката, односно новинарката Душица Мрѓа Ковачев одлучила да продолжи да ја бара правдата. Како и во многу случаи, ако тоа не се случи во државата, крајна дестинација би била Стразбур.

„Тие што ме знаат, знаат дека јас ниту простувам, ниту заборавам, а уште помалку дека се откажувам. Правда за 27 април ќе има! На потег е апелација да одлучува по мојата жалба, па многу ме интересира дали апелациските судии ќе прогледаат, таму каде

што замижаа нивните колеги во скопска „двојка“, а ако и тие им се придружат, тогаш апсолутно Стразбур е следната опција. Таму се почитуваат и човековите и новинарските права. Таа лекција, и државата, и македонските судии многупати досега ја добија, но никако да ја научат. Апсолутна селективност, апсолутна незаинтересираност, апсолутна неправда. Јас бев меѓу првите што дадов исказ за „Крвавиот четврток“, сведок сум на тоа исто ОЈО во два судски процеси за 27 април, спомената и во пресудите. Јас и моето семејство доживеавме тројна траума од „Крвавиот четврток“ и моите повторувања на настаните, ама кога дојде време за мене да има правда, македонското обвинителство заборави дека постојам, а македонските судии се направија дека не се од тука. Мојот напаѓач, за бога, цели 3 и пол години не е ниту идентификуван, што понатаму да зборуваме. Ама кога се работеше за политичарите, не се штедеше никој, за да бидат тие задоволни, било со казни за насилниците, било со амнестии за тие што овозможија да се случат, не постои држава. Македонија со селективната (не)правда за „Крвавиот четврток“ покажа дека е далеку од тоа да биде држава.“

Понатаму, во одлуката на судот се наведува и тоа дека новинарката Душица Мрѓа Ковачев, со тоа што продолжила да известува и по настанот од упадот во Собранието, односно во деновите потоа, за судот било доказ дека нема повреда на правото на изразување. Во пресудата се наведува следното:

„Впрочем, неспорно е и за судот е познато дека тужителката како новинар, и во текот на настаните, и во следниот период известуваше за настаните и го искажуваше своето мислење за настаните од 27.4.2017 година во дебатни емисии и сл. Тоа значи дека во конкретниот случај нема повреда на правото на слобода на изразување, поради што судот во целост го одби тужбеното барање како неосновано“.

Додека новинарите ја бараат правдата, новинарката Душица Мрѓа Ковачев смета дека нападите врз новинарите треба да се третираат по службена должност, што укажува на фактот дека постојат двојни стандарди кога се во прашање политичарите и новинарите во заштитата и безбедноста.

„Новинарите на „крвавиот четврток“ се најзаслужни затоа што „Крвавиот четврток“ не заврши уште покрваво со жртви. Тврдам дека е така. Знаев дека, колку што сум јас погласна однатре во етер, толку се поголеми шансите лудилото што поскоро да заврши, а полицијата и институциите да се разбудат. И 27 април е само еден настан од многуте црни настани во македонската независност, за кои новинарите биле клучни за да не бидат уште поцрни. И време е, односно многу е доцна, но подобро некогаш отколку никогаш, напад врз новинар да се гони по службена должност, затоа што новинарите, оние вистинските, се еден од клучните столбови за една демократија, колку тоа политичките елити, сите до една, да сакаат да го негираат или, пак, само декларативно да велат дека е така.“

## Државното правобранителство не признава дека Трпеноски е новинар?!

Во низата тужби кон државата, а во случајот со 27 април, познат во јавноста како „Крвавиот четврток", е и новинарот **Горан Трпеноски**. На денот на упадот на толпата граѓани во законодавниот дом, Трпеноски е на работна задача - известува за случувањата во Собранието. На 29 април 2020 година, до Основниот граѓански суд - Скопје, новинарот поднел тужба против државата, на име на нематеријална штета поради претрпен страв и душевни болки, како и за повреда на слободата на изразување.

Од поднесувањето на тужбата, по речиси три месеци, новинарот Горан Трпеноски се соочува со одбранбениот ѕид на државата, односно со институциите. Прва за збор се јавува институцијата Државно правобранителство на Република Северна Македонија, која до Основниот граѓански суд – Скопје испраќа одговор на тужба од застапник по закон на тужениот, во случајот Република Северна Македонија.

Во одговорот на тужбата, застапникот по закон на тужениот до судот истакнува приговор за застареност на тужбеното барање и поради тоа му предлага на судот тужбата да се одбие. Исто така, Државното правобранителство истакнува и приговор на немање активна легитимација од страна на тужителот, односно новинарот Горан Трпеноски.

Во тужбата што ја поднесува новинарот Горан Трпеноски наведува дека бил присутен во Собранието како новинар на интернет-порталот www.sakamdakazam.mk. За Државното правобранителство, спорно е тоа што новинарот Горан Трпеноски во Собранието се наоѓа да известува, а во тужбата не поднел доказ дека е акредитиран новинар на порталот www.sakamdakazam.mk.

Од увидот што го имавме во барањето на Државното правобранителство до судот за отфрлање на тужбата се наведува следното:

„Ваквите наводи истакнати во тужбата се неосновани и паушални, со оглед дека тие немаат поткрепа во доказите приложени кон тужбата. Имено, кон тужбата не е доставен доказ дека тужителот е пратен во Собранието да известува, односно дека е акредитиран новинар на онлајн-медиумот www.sakamdakazam.mk и дека токму тужителот како дел од онлајн-медиумот www.sakamdakazam.mk, во наведениот ден и во критичниот момент кога се случил упадот во Собранието на РМ бил присутен на местото на настанот. Ова, со оглед дека кон тужбата не е доставен доказ дека редакцискиот тим, односно тужителот како дел од тимот имал налог токму тој ден да присуствува на настанот за избор на претседател на Собранието на РМ, ниту кон тужбата е доставена акредитација на претходно наведениот интернет-

портал дека тој имал дозвола на 27.4.2017 година да присуствува на закажаните прес-конференции, како и на изборот на претседател на Собранието на РМ“.

На ваквите барања на Државното правобранителство, новинарот Горан Трпеноски вели дека е доведен во ситуација на судот да му докажува дека е новинар.

„По 19-годишна работа како новинар, уредник на политичка рубрика и собраниски известувач, докажувам пред Судот дека сум новинар и дека на 27 април во Собранието бев службено присутен за професионално да ја завршам својата работа. За Судот, спорно е што сум работел за портал, кој не може да се смета за медиум. Апсурдно е што по 19 години треба да му докажувам на судот дали сум новинар, кој ме испратил во Собранието, зошто сум бил таму, дали „Сакамдакажам“ е медиум или не. Медиумот во централниот регистар е заведен како дигитален весник, а не како портал“.

Но, дополнително, државното правобранителство на РСМ бара од судот да се одбие тужбеното барање на новинарот Горан Трпеноски бидејќи не постоеле докази кога новинарот го напуштил законодавниот дом. Во барањето на оваа институција се наведува следното:

„Имајќи го во вид наведеното, во конкретниот случај од доказите доставени кон тужбата, не може да се утврди дека на 27.4.2017 година, кога е извршен упадот во Собранието на РСМ, тужителот бил службено присутен на самиот настан, поради што предлагаме да се одбие тужбеното барање поради немање активна легитимација.“

Новинарот Горан Трпеноски, кој е доведен во ситуација да ја докажува својата долгогодишна новинарска работа и интегритет, смета дека за време на „Крвавиот четврток“, седмата сила имаше клучна улога во текот на настаните и спречиле нивна ескалација.

„Покрај сета потребна документација, со која го докажувам новинарското искуство, имам доставено куп видеа и фотографии, со кои е документирано сето она што се случуваше за време на организираниот напад на Собранието зад вратите на парламентот. Секогаш кога некој ќе ме потсети за тие настани, се вознемирувам, не бледнеат сликите од крвавата глава на **Зоран Заев**, повредените пратеници, новинари, но и од тешките повреди што ги доби **Зијадин Села**“.

Државното правобранителство на РСМ децидно: „Тужбеното барање на тужителот го оспоруваме во целост, и по основ, и по висина, и предлагаме тоа да се одбие како неосновано“, во причините за ваквите барања ги наведува следните:

„Во тужбата не е наведено кога тужителот заминал во Собранието на РСМ, како и кога го напуштил. Тужителот наведува дека во настанатата ситуација сè уште се наоѓал во прес-центарот, како и дека се нашол во живиот ѕид, кој ги спречувал луѓето да влегуваат и да напаѓаат

новинари и пратеници. Ваквите наводи истакнати во тужбата се неосновани и паушални, со оглед дека тие немаат поткрепа во доказите приложени кон тужбата. Имајќи го предвид наведеното, во конкретниот случај, од доказите доставени кон тужбата, не може да се утврди дека на 27.4.2017 година, кога е извршен упадот во Собранието на РСМ, тужителот бил службено присутен на самиот настан. Оттаму, бидејќи тужителот воопшто не докажа дека бил присутен во критичното време, сметаме дека тужбата треба да се одбие како неоснована."

Новинарот Горан Трпеноски, чија професија е спорна за Државното правобранителство поради немање акредитација, а во контекст на наведеното во делот на доказите тврди дека се наоѓал во живиот штит, каде што го бранел животот на политичарите.

„Да не бевме ние таму, историјата ќе беше поинаква. Ќе имаше мртви. Спречивме ескалација на настаните, најпрофесионално ја извршивме нашата работа. Дури на крај бев и во живиот штит, каде што го бранев животот на политичарите, а сега се доведува во прашање тоа дали сум новинар или не". Срамота за државата и за правосудството. И потоа ни е крив некој друг што меѓународните институции нè ставаат во хибриден режим и сме на 111-то место во борбата против корупцијата. Не се откажувам, знам каков ќе биде епилогот, но ќе се оди во судот во Стразбур. Мора да има одговорност. За бруталното исфрлање на новинарите и пратениците од Собранието во 2012 година, никој не одговараше. Судството и обвинителството, со расчистување на „27 април", се на потег да докажат дека владеењето на правото не е мртво во државата. Засега покажува дека му треба големо проветрување на судскиот систем."

## ЗНМ: Новинари од 27 април по вторпат жртви, овојпат од судот

*„ЗНМ за оваа срамотна пресуда на штета на новинарите и на слободата на изразување во нашата земја ќе ги извести сите релевантни меѓународни организации."*

Основниот граѓански суд во Скопје донесе пресуди со кои се одбиваат тужбените барања на новинарките Наташа Стојановска и Душица Мрѓа, кои бараа повреда на нивните права и штета од државата за настаните од 27 април 2017 година во Собранието на Република Северна Македонија.

Оваа пресуда е пропуштена можност да се заштитат правата на новинарите и претставува уште еден доказ дека постојат двојни стандарди за судот, кога се во прашање политичарите и новинарите. Потсетуваме дека во случајот со групата политичари, Основното јавно обвинителство, по службена должност, покрена

постапки и кривичниот суд осуди со затворски казни група граѓани, а во случајот на новинарите самите беа оставени да покренуваат приватни тужби.

Образложението на судот во пресудите е дека новинарките не доставиле докази од кои може да се утврди дека на 27 април 2017 година се случиле јавни демонстрации пред Собранието, иако во тужбата уредно се доставени видеозаписи од случувањата пред Собранието, а критичниот ден, стотици објави беа и се присутни во медиумите. Фактот што судот не признава повреда на правото на слободата на изразување и бара од новинарите да докажат општопознати факти дека имало упад во Собранието од страна на лица кои јавно демонстрирале на 27 април 2017 година е тенденциозен и претставува преседан во контекст на овој случај.

Министерот за правда, **Бојан Маричиќ**, за време на гостувањето во емисијата Анализа на ТВ 24[4], во однос на овие случаи, не сакаше да ја коментира, ниту пресудата на судот, ниту ставот на правобранителството. Но, министерот, од кого новинарските здруженија бараат промени во Кривичниот законик, кога се во прашања постапките за новинарите, подвлече дека се солидаризира со новинарите, а во однос на судските одлуки со кои се одбиваат тужбите на новинарите за „Крвавиот четврток".

„Како во иднина ќе се решаваат овие одлуки, сигурно следи постапка во Апелација, што значи системот сѐ уште има шанса да го реши ова, ако не, постои и Стразбур. Прво, мислам дека треба да има жалба на новинарите до повисокиот суд, дека новинарите беа оштетени подеднакво, како и сите други што беа во парламентот тој ден, за тоа немам дилема. Се чувствувам непријатно и доволно кажав за овој случај, да не бидам сфатен дека сакам да влијаам, судот има шанса и понатаму да погледне во случајот."

Од ЗНМ сметаат дека небулозно е тврдењето на судот дека новинарите немале право да бараат надомест на нематеријална штета за претрпени душевни болки. Скандалозен е фактот што судот не признава дека душевната болка, страв и траума, кои биле доживеани од страна на присутните новинари, е проблематично и притоа се имплицира дека тужителите немале телесни повреди.

---

4 Види на: https://www.youtube.com/watch?v=s21pPAjqnnE&feature=emb_title

# VI. ИНСТИТУЦИИТЕ И НОВИНАРИТЕ

Генералниот став на новинарите и новинарките во оваа публикација е дека постојат двојни стандарди во постапувањето на институциите, кога се во прашање политичарите и новинарите, за првите, сметаат дека институциите реагираат експресно, додека во случајот со новинарите, оставени се сами на себе да ја водат битката за правда и што поголема безбедност во работата, што би значело и поголема слобода во пристапот до прибирање и анализирање информации клучни во креирањето на јавното мислење. Сево ова упатува на потребата од промена на законската регулатива, односно на потреба од системска заштита на новинарите и медиумските работници.

Колку за илустрација, во 2020 година, од страна на Здружението на новинарите на Македонија биле регистрирани вкупно 14 случаи. За овие случаи, Министерството за внатрешни работи, според доставените информации, постапило во осум случаи, додека за другите шест случаи воопшто не се произнесоа. Во контекст на овие напади кон новинарите, само еден случај има своја судска разврска, два случаи се расчистени, каде што имаат констатирани прекршоци по член 4 и член 10 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, додека во другите случаи постапката сè уште е на релација МВР - ОЈО – МВР, што значи дека ниту еден не стигнал до надлежен суд.

Во 2020 година, Кривичниот суд Скопје евидентирал три предмети, во кои оштетените се произнеле дека по професија се новинари, од кои само едниот случај се однесува на регистрираниот во ЗНМ. Станува збор за случајот со новинарката Мери Јордановска, додека другите два предмета (К.бр.624/20) се однесуваат за кривично дело Учество во толпа што ќе изврши

кривично дело и К.бр.3296/20 за кривичното дело Насилство, во кои предмети, оштетените се произнеле дека по професија се новинари, и се сè уште активни предмети, а се во контекст на 27 април во јавноста познат како „Крвавиот четврток“.

Кога е во прашање (не)постапувањето на институциите по однос на нападите врз новинарите, од ЗНМ сметаат дека сè уште е многу висок степенот на неказнивост. Во нивниот извештај, во делот на ефикасноста на судскиот систем, во заштитата на новинарите се наведува:

„Основниот граѓански и кривичен суд во Скопје, веќе четврта година по ред не е во можност да даде детални информации во врска со фазата на постапување за предметите во кои новинарите се жртви. Нивното оправдување е дека новиот систем за водење на предметите (АКМИС) се базира на кодови, а не на имиња и на професии на странките. Во 2020 година, кооперативноста на Основниот граѓански суд е намалена и успеавме да добиеме информација само за вкупниот број предмети за делата клевета и навреда, меѓутоа не и во колку од нив како странка се наоѓа новинар или медиум. Неказнивоста кон сторителите останува висока и судска разрешница е констатирана во помалку од 10 отсто од регистрираните случаи. Посебни процедури за третирање на нападите врз новинарки не постојат во институциите. Во судско-обвинителскиот систем, во Македонија не постојат посебни одделенија што работат на истраги за случаите на прогон, заштита и обесштетување новинари, со цел да се осигури нивната безбедност и да се спречи политиката на неказнивост.“

Во однос на забелешката дека Кривичниот суд во последните четири години не дава информации во врска со фазата во која се наоѓаат предметите, од судот со одговор дека: „Очигледно се работи за ваша незаинтересираност за работата на судот, со оглед дека судењата се јавни, освен ако не постојат законски пречки за тоа, и претставниците на медиумите редовно ги следат и известуваат за судењата што се од јавен интерес. За сите медиумски прашања, судот организира редовни брифинзи и одговара на сите прашања, а неретко тие прашања се токму и од Здружението на новинарите, со кое досега судот имал одлична соработка.“

Но, сево ова упатува на слабостите во институционалната разрешница, кога се во прашање нападите врз новинарите. За подобрување на состојбата, потребна е заедничка, интензивна соработка меѓу новинарските здруженија и клучните институции, кои треба да им пристапат кон нападите врз новинарите со многу посериозен елан во обидот за нивно разрешување.

**За таа цел, Здружението на новинарите на Македонија, на последниот вебинар, каде што присуствуваа новинари, претставници на институции од редовите на ОЈО и од Министерството за правда, како и адвокати, констатира дека само преку конкретни измени на Кривичниот законик, но и Законот за кривична постапка, преку давање поголема надлежност на обвинителството и на МВР да постапуваат по службена должност и преку зголемување на казните кон напаѓачите, системски ќе се подобри безбедноста и политиката на неказнивост кон новинар(к)ите и медиумските работници/чки.**

Претседателот на Здружението на новинарите на Македонија, Младен Чадиковски, во своето воведно поздравно обраќање го изрази своето незадоволство бидејќи сè уште работите стагнираат и дека реформите тапкаат во место, иако последнава година неколкупати се повторувале истите работи што се потребни да се променат.

„Сè уште се бележи пораст во бројките на нападите и вербалните закани кон новинарите, а неказнивоста останува. Би било голем успех, наместо нападите кон новинарите да бидат правило, тие да станат инцидент што ќе се казни."

Основната јавна обвинителка **Спасенка Андонова**, како една од панелистките, во своето обраќање кон учесниците на вебинарот истакна дека како претставничка на обвинителството, тие се должни да ја почитуваат легислативата. Го посочи говорот на омраза како пример за начин на комуникација со дискриминаторски елементи, кој најчесто се употребува кон новинарите и медиумските работници. Укажа дека, за жал, бројките на поднесени пријави за оштетени новинари е процес што бележи нагорна линија. Соочени со голем број критики упатени кон МВР и обвинителството, за недоволната активност во поглед на истражувањето и неносењето на предметот до судот, потенцираше дека јавниот обвинител не смее да излезе од рамките на легислативата што му ја наметнува. Пријавата до обвинителството е иницијалниот акт, кој, всушност, ја почнува работата и постапувањето на јавниот обвинител.

Што повеќе пријави што изобилуваат со конкретни информации ќе го скрати времето на постапката во прибирањето и истрагата во постапката. Таа ја истакна поддршката на овој процес во процесот на унапредувањето на легислативата со искористување на искуствата од претходни измени на КЗ за да се даде форма и содржина за поефикасно и поефективно постапување на јавното обвинителство во постапките за заштита на безбедноста на новинарите.

Адвокатот **Иван Брешковски** истакна дека е важно да се преземаат службени дејствија од обвинителството. Насилниот криминал, тортурата што ја имаат новинарите, имаат различен мотив споредбено со обичниот криминал. Важно е да се докаже мотивот за делото за да дејствува обвинителството.

„Потребно е да се заострат казните или да се вметне поголем облик на прекршочно дело за да се добие поголема заштита на адвокатите во КЗ. Друг проблем што треба да се посочи е кога се работи за онлајн-закани, да се обрне внимание дали заканувачите се партиски или државни функционери. Таму обвинителството мора да поведе службени дејствија. Во последниот период, забележителен факт е дека сè повеќе новинарки се жртви на закани. Потребно е да се упати охрабрувачки апел кон новинарите дека има сè повеќе фондови што можат да ги покријат трошоците и новинарите сè повеќе да поднесуваат кривични тужби."

Од Здружението на новинарите на Македонија потсетуваат дека судската власт има обврска да ги штити правата на новинарите бидејќи со тоа го штити и правото на граѓаните да бидат информирани.

# VII. ИНТЕГРАЛЕН СТАВ НА МВР ВО ОДНОС НА НАПАДИТЕ КОН НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ

Ние, во Република Северна Македонија, во последните неколку години направивме огромен напредок на ова поле и од состојбата пред 2017 година, кога новинарите беа честа мета на насилниците, а често и на полицијата, напади што најчесто поминуваа нерасчистени, односно без казна за сторителите, да дојдеме до ситуација кога нападите на новинарите се сè поретки. Се разбира, за ова беше потребна, пред сè, политичка волја и многу работа. Морам да ја истакнам улогата на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Здружението на новинарите на Македонија, со кои партнерски работевме на ова поле во изминативе години и дојдовме до резултат, со кој ние како Министерство за внатрешни работи се гордееме, а за тоа имаме признание и од новинарите и од новинарските организации. Ваквиот напредок беше нотиран и во извештајот на Европската комисија, на што сме особено горди. Се разбира, секогаш може подобро и ние и во иднина продолжуваме да работиме на ова поле.

Токму таквиот однос придонесе и за драстичното намалување на бројот на ваквите напади, кои се сведени на минимум. За жал, во првата половина на 2020 година, во периодот на т.н. техничка влада, кога дојде до промена и на раководството на МВР, имавме мало влошување, но сега работите се вратени во нормала и продолжуваме во вистинската насока.

А за да дојдеме до ваквите резултати беше потребен огромен труд. Најпрво, комплетно го отворивме МВР за новинарите, потпишавме меморандум за соработка со Здружението на новинарите и со заеднички труд

и соработка се насочивме кон подобрување на состојбите. Јас, како помошник-министер за односи со јавност, бев назначен и за лице задолжено за итна реакција за каков било проблем што го имаат новинарите. Од надминување на проблемите за тоа каде и кога можат да снимаат медиумските работници, бидејќи во тој период новинарите и полицијата се гледаа како непријатели, па до каков било физички напад.

Во соработка со Мисијата на ОБСЕ и Здружението на новинарите на Македонија, изработивме „Прирачник за безбедност на новинарите за време на настани со висок ризик", во насока на драстично и квалитетно унапредување на состојбите во делот на непречено и безбедно извршување на новинарската професија. Прирачникот, пред сè, имаше цел да послужи во идентификувањето на ризиците и за избегнување на нападите врз новинарите, особено при известување од настани со висок ризик. Исто така, да ги појасни процедурите и законските надлежности на Министерството за внатрешни работи, но и на Јавното обвинителство, сè со цел да се обезбеди поголема заштита на новинарите.

На изработката на овој прирачник претходеа шест работилници на тема „Безбедноста на новинарите при известување од настани со висок ризик, слободата на изразувањето и подобрување на комуникацијата на новинарите и полицијата". На нив учествуваа новинари, фоторепортери, како и припадници од МВР, а се споделија искуствата и се лоцираа точките каде што е потребно унапредување на соработката.

Овие работилници многу придонесоа за меѓусебно запознавање и за надминување на бариерите меѓу новинарите и полицијата.

Една од примарните задачи и должности на институциите на системот, односно на тие што добиле мандат да владеат, е постојано да работат на креирањето квалитетен амбиент за остварување на сите услови важни за функционирањето на медиумите, да комуницираат и да соработуваат со медиумите. Интересот, односно бенефитот е заеднички и повеќезначен: како за медиумите, новинарите и за институциите, така и за јавноста и за граѓаните.

Следствено на тоа, ние сме и тоа како упатени едни на други, обврзани континуирано да градиме соработка, релации и комуникација, која колку што ќе продуцира квалитетно, прецизно презентирање, односно гласност во нашето институционално функционирање, во уште поголема мера ќе овозможи сигурни, непречени услови за вршење на самата новинарска професија. Без закани, без насилства, без какви било пречки што би биле проблем за кој и да е медиум или новинар. Ние, како Министерство за внатрешни работи, заедно со нашите партнери, продолжуваме и во иднина да работиме на ова поле, со цел постигнување уште подобри резултати.

Што се однесува, пак, до промената на законската регулатива, ние немаме надлежност, но поддржуваме вакви измени, а, според информациите што ги имаме од другите институции, веќе се преземаат чекори во оваа насока.

# VIII. ИНТЕГРАЛЕН СТАВ НА ОЈО ВО ОДНОС НА НАПАДИТЕ КОН НОВИНАРИТЕ И МЕДИУМСКИТЕ РАБОТНИЦИ

*„Анализите на Јавното обвинителство покажуваат дека во овој момент нема потреба од формирање специјализирано одделение за постапување по кривични дела извршени врз претставниците на медиумите.“*

Обвинителството по примена пријава ги прибира материјалните и вербалните докази за гонење на сторителите на кривични дела. Притоа, Јавното обвинителство, во сите предмети, па и во тие што се однесуваат на напади врз новинарите, постапува ефикасно и одговорно, со динамика неопходна да се обезбедат сите докази од значење за утврдување на фактичката состојба и кривичната одговорност. Она што можеби ја поттикнува перцепцијата за бавното процесуирање на овие предмети, веројатно се должи на фактот што многу од нападите врз новинарите воопшто не се пријавуваат во Јавното обвинителство, од обвинителството се очекува да реагира по допрен глас, што до некаде ја отежнува постапката за собирање докази. Имено, не е едноставно да се гони некој за напад врз одредено лице (било да е тоа новинар или не), доколку жртвата не е подготвена со лично сведоштво да го поткрепи кривичниот прогон.

Јавниот обвинител на Република Северна Македонија, неколкупати имаше работни средби со претставници од Здружението на новинарите на Македонија. Анализите на Јавното обвинителство покажуваат дека во овој момент нема потреба од формирање специјализирано одделение за постапување по кривични дела извршени врз претставници на медиумите.

Но, за постапување за кривичните дела извршени врз претставниците на медиумите мора обвинителствата да постапуваат ефикасно. За тоа да се оствари, потребна е поблиска соработка со новинарските здруженија, со цел поефикасно да се детектираат ваквите предмети, за што обвинителството е целосно подготвено.

Што се однесува до измените на Кривичниот законик во овој дел, Јавното обвинителство постапува согласно актуелните законски одредби. Доколку во иднина, законодавецот предвиди посебна институционална заштита на новинарите преку воведување нови или преку измена на постојните членови во Кривичниот законик, обвинителството ќе го спроведува кривичниот прогон согласно новата законска регулатива.

Кривичниот законик е жива материја, која е неопходно постојано да се надградува во согласност со потребите на современите општествени текови и на тенденциите на криминалитетот. Неговата улога треба да биде санкционирање на сторителите на кривични дела, но и да дејствува превентивно во насока на сузбивање на криминалот.

# IX. ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА

Кога би ги сублимирале конкретните чекори што можат да влијаат да се намали трендот на закани и напади кон новинарите, но и системски да се реши проблемот со неказнивост, тоа се следните: Кога би ги сублимирале конкретните чекори што можат да влијаат да се намали трендот на закани и напади кон новинарите, но и системски да се реши проблемот со неказнивост, тоа се следните:

- **Воведување посебни мерки на заштита на новинарите преку измени на дел од законите, како системски и долготрајни решенија.** Пример за овие мерки можат да бидат измени и дополнувања на Кривичниот закон во делот што се однесува, пред сè, на загрозувањето на безбедноста, како и физички напад, но и демнење, како ново дело во најава. Овие измени е потребно да предвидат повисоки казни кон сторителите во случаи кога жртви се новинарите, а се нападнати додека вршат професионални новинарски задачи или како резултат на нив, а, освен повисоките казни, Основното обвинителство да

презема активности по службена должност. На овој начин се очекува да се подобри политиката на неказнивоста бидејќи, наместо новинарите приватно да поднесуваат тужби за штета или за повреда на правото, обвинителството ќе презема такви дејствија слично како што е моментално решението во законот за лекарите, адвокатите и слично.

- **Потребно е подобрување на свеста на генералната јавност за штетноста од трендот на неказнивост, како и од нарушување на безбедноста на новинарите, која може да влијае и негативно врз квалитетот на јавните информации,** преку: јавни кампањи од страна на граѓански организации во секторот, но и од страна на државните институции, како и јавни осуди од сите релевантни чинители, посебно од лидери на политички партии, во случаи на загрозување на безбедност на новинар или медиум.

- **Нужни се дополнителни напори за поголема координираност меѓу институциите во случај на закани и напади, посебно во делот кај онлајн-заканите.** Од регистарот на напади може да се заклучи дека ретко се постапува во случаи каде што заканата е преку социјалните мрежи кон новинарите. За ова да се коригира, потребно е да се подобри соработката меѓу МВР и ОЈО, но и да се дадат дополнителни овластувања на МВР да постапува по службена должност, кога се загрозува безбедноста на новинарите преку компјутерски системи, а не да се остава правата новинарот да ги бара преку покренување приватни тужби.

- **Медиумите е потребно да обезбедат заштитна опрема за новинарите, за следење настани од висок ризик.** Заштитната опрема, како што се шлемови, панцири, штитови, гас-маски итн., во случаи кога новинарите известуваат од насилни протести, демонстрации, ризични спортски натпревари и слично е нужно да поседуваат и да го користат со цел да се заштитат.

- **Новинарите е потребно да си ги знаат своите права, и во случај да бидат прекршени, потребно е да пријават до соодветен орган или организација.** Дел од нападите што се регистрирани во 2020 година не се пријавени во МВР. На овој начин, многу е веројатно дека постапка нема да биде воопшто иницирана од страна на надлежен орган, посебно кога станува збор за закани на социјалните медиуми. Затоа е потребно новинарите да ги пријавуваат овие инциденти до здруженијата на новинари и до надлежните органи, а, исто така, важно е да им биде обезбедена и бесплатна правна помош од страна на членските организации.

- **Потребни се постојани обуки за припадниците на МВР, судии и обвинители на теми поврзани со слободата на изразување и улогата на новинарите и медиумите во општеството.** Овие обуки е потребно да бидат редовни и да се прават во соработка со членските организации на медиумските работници, Академијата за обука на судии и јавни обвинители, како и здруженијата на судии и обвинители.

Здружение на новинарите на Македонија